# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXVIII




Матилда Јованова, корисник на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш
и учесник на спортско - рекреативните активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

## СОДРЖИНА


2 страна
***Преземен текст од Радио Слободна Европа***

3 страна
***Заеднички поднесок до Комитетот на ОН***

4 страна
***Набавена опрема за социјалните сервисни служби***

5 страна
***Проект "Кон европски вредности"***

6 страна
***Учество на ИПА Кампекс 2015***

7 и 8 страна
***Спортско - рекреативни активности***

9 и 10 страна
***Активности на ЕАСПД и ЕДФ***

11 страна
***Напис на Лук Зелдерло, Генерален секретар на ЕАСПД***

12 страна
***Активности на Обединети нации***

13 страна
***Активности на Европска Инклузија***

14 и 15 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница***
***Активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш***



***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Септември 2015 г. Број 3, год. XXVIII**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**



***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***


### Преземен текст од веб-страната на Радио Слободна Европа, 09.09.2015 година

# Потребна е поголема поддршка за лицата со интелектуална попреченост

Јавната свест за лицата со интелектуална попреченост во Македонија е на незавидно ниво и тоа придонесува за нивна маргинализација.

Лицата со интелектуална попреченост имаат потреба за поголема поддршка. И покрај законската регулатива во Република Македонија која гарантира поддршка и заштита на оваа категорија лица, сепак има потреба од подигање на јавната свест во однос на почитување на сите нивни права кои се гарантирани со закон и со меѓународни конвенции, оценуваат претставниците на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, со седиште во Скопје, која инаку има свои локални организации во 20-ина градови во Македонија.

„Медиумите секогаш се клучни во однос на подигање на јавната свест во однос на правата на лицата со посебни потреби. Нашите истражувања покажуваат дека се уште јавната свест за оваа категорија лица е на незавидно ниво во нашава држава, особено кога станува збор за лицата со интелектуална попреченост. Токму тоа е голема кочница за остварување на правата, да ги видиме овие лица меѓу нас во секојдневието. Предрасудите прават овие лица се уште да се затворени дома во четири ѕида во рамките на семејството", оценува Василка Димоска, програмски менаџер на РЦПЛИП - ПОРАКА.

Според неа, во сите организации кои делуваат во нашава земја се преземени бројни активности со цел законските права на оваа категорија лица да бидат целосно применети.

Во РЦПЛИП - ПОРАКА исто така сметаат дека и нефункционирањето на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост во Дебар е резултат на проблемот со јавната свест.

„Ние бараме повторно да се отвори дневниот центар за лица со посебни потреби во Дебар, кој престана да работи пред две години. Родителите се жалат што институцијата не работи и бараат нејзино брзо отворање. Исто така го имаме поставено и прашањето за отворање на посебни паралелки за лицата со тежок инвалидитет и бараме решение и за тоа", истакнува Беким Аме, претседател на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Дебар.

Според претставниците на оваа организација, институциите и општеството во целина треба да ги решат овие проблеми за овие лица да бидат што подобро интегрирани во општеството.

Пишува: Кенан Мимидиновски



## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во соработка со ЕСЕ

# Заеднички поднесок до Комитетот на ОН за економски, социјални и културни права

**Веќе неколку години наназад, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА соработува со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ. Од таа соработка произлезе и Прирачникот за заштита за права на пациенти со фокус на лица со интелектуална попреченост, кој беше подготвен и испечатен во рамки на проектот „Човекови права во здравствената заштита" спроведуван од ЕСЕ.**

РЦПЛИП – ПОРАКА, на барање на ЕСЕ, се вклучи во подготовката на поднесок до Комитетот за економски, социјални и културни права во однос на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Со овој поднесок се истакнуват проблемите поврзани со неостварувањето на **Правото на здравје** (член 12 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Генералниот коментар бр.14) на повеќе ранливи групи: Роми, лица кои живееат со ХИВ/СИДА, лица кои користат droги, жени, лица со ретки болести, лица со интелектуална попреченост и жртви на трговија со луѓе. Поднесокот, меѓу другото, има за цел да придонесе во разгледувањето и формулирањето на Листата на прашања за време на пред-сесијата на работната група на Комитетот во октомври 2015 година, и да се постават прашања до Владата на РМ поврзани со исполнувањето на правото на здравје како што е регулирано согласно Пактот. Во подготвувањето, покрај РЦПЛИП – ПОРАКА, учествуваа уште седум граѓански организации.

Деловите кои се однесуваат на правото на здравје за лицата со интелектуална попреченост, а се вклучени во поднесокот се следните:

### Здравје на лица со интелектуална попреченост

Одредена возрасна група на лица со интелектуална попреченост се соочува со ограничен пристап до бесплатна здравствена грижа, третман и лекарства. Имено, Законот за здравствено осигурување предвидува ослободување од партиципација при користење на здравствени услуги само за деца т.е. лица со интелектуална попреченост до 26годишна возраст, но не и потоа. Специјализирани здравствени услуги, програми и капацитети за деца и лица со интелектуална попреченост се обезбедени само на национално ниво. Раното откривање, проценка и третманот за деца со интелектуална попреченост се врши во развојните советувалишта во Скопје и во Битола, и во Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" во Скопје. Заводот за медицинска рехабилитација во Скопје овозможува физичка рехабилитација за лица со интелектуална попреченост. Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје и Битола спроведува рехабилитациони програми и за деца со интелектуална попреченост на предучилишна и училишна возраст.

Лицата со интелектуална попреченост и нивните родители честопати се соочуваат со неадекватни ставови од страна на медицинскиот персонал, особено во специјалистичко-советодавните услуги и болниците. 57% од интервјуирани лица со интелектуална попреченост и нивните родители не се задоволни од здравствените услуги.

Системот за процена на специфичните потреби на лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој е недоволно развиен и застарен. Процената (категоризација) се спроведува во неколку регионални комисии, а освен тоа, наодот и мислењето од процената не вклучува листа на потреби и препораки за понатамошен третман на овие лица.

Правилникот за остварување на право на мобилност е неприменлив за лицата со интелектуална попреченост и истиот налага користење на „инвалидска количка" како услов за остварување на ова право. Имено, лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост, како и лицата со комбинирани попречености, иако не користат количка, не се во состојба да се движат самостојно без придружник.

Поднесокот, како што е веќе споменато, има за цел да придонесе во разгледувањето и формулирањето на Листата на прашања за време на пред-сесијата на работната група на Комитетот во октомври 2015 година, и да се постават прашања до Владата на Република Македонија поврзани со исполнувањето на правото на здравје како што е регулирано согласно Пактот. Листата на прашања која се предлага да се постави до Владата на РМ, а се однесува на здравјето на лицата со интелектуална попреченост е следната:

- Зошто Владата на РМ ги ослободува од партиципација за остварување на права од здравствена заштита само децата/лицата со интелектуална попреченост до 26 годишна возраст и кои мерки ќе ги преземе за да го прошири остварувањето на ова право за сите останатите лица без оглед на нивната возраст.
- Кои мерки ги презема државата со цел да се надмине несоодветното постапување на здравствениот персонал кон лицата со интелектуална попреченост?
- Кои мерки ги презема државата во насока на надминување на недостатоците на сегашниот систем на категоризирање на попреченоста?
- Кои мерки ги презема државата во овозможување на правото на мобилност на лицата кои не користат „ инвалидска количка"?

**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА**

# Набавена опрема за потребите на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Почнувајќи од 2000 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е активн вклучена во создавањето на услови за спроведување на реформскиот процес на деинституционализација во Р. Македонија, односно превенција од институционализација преку оформување на социјални сервисни служби за поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во местото на живеење.**

Активностите на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во оваа област се насочени во два правци: кон одржување на континутитет во работата на оформените социјални сервисни служби (социјални клубови и дневни центри) за лица со интелектуална попреченост и кон создавање на услови за промовирање на други видови на сервисни служби. Во изминатите петнаесет години, работата во социјалните сервисни служби тече континуирано и дава позитивни резултати.

Имајќи ја во предвид важноста на социјалните сервисни служби, еден од главните приоритети на РЦПЛИП – ПОРАКА е одржување и унапредување на нивната функција, како во поглед на програмските содржини така и во поглед на нивната опременост со соодветна опрема за спроведување на програмските активности.

Изминатата година РЦПЛИП – ПОРАКА засилено работеше во партнерство со Министерството за труд и социјална политика и Градот Скопје на оформувањето на нова социјална сервисна служба (дневен центар во Скопје) но, и на поддршка во реновирање и опремување на останатите социјални сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА.

За таа цел Владата на Република Македонија му додели на РЦПЛИП – ПОРАКА средства во износ од 500.000 денари, наменети за набавка на опрема за потребите на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА согласно одлуката бр. 42-9823/1 од 21.12.2014.





По спроведената анализа на потребите во социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА (дневни центри и социјални клубови за лица со интелектуална попреченост) и во консултација со претставници на Министерството за труд и социјална политика, РЦПЛИП – ПОРАКА ја определи следната приоритетна опрема за набавка на:

- 7 ленти за трчање наменети за подобрување на кондицијата и психомоторната координација;
- 7 статични велосипеди наменети за подобрување на кондицијата и психомоторната координација;
- 20 десктоп компјутери наменети за обука за користење на компјутери.

Набавената опрема се распореди и се достави во локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА во чии рамки функционираат социјални сервисни служби.

## Меѓународни проекти и активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Кон европски вредности – лицата со попреченост како рамноправни граѓани

**Препознатливоста на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА како лидер во областа на права за лица со интелектуална попреченост во Република Македонија континуирано резултира со нови партнерства и заеднички активности со организации и институции чии програмски активности имаат допирни точки со оние на РЦПЛИП – ПОРАКА, како на национално така и на меѓународно ниво.**

**„Кон европски вредности – лицата со попреченост како рамноправни граѓани" е насловот на новиот европски проект во кој учествува РЦПЛИП – ПОРАКА. Водечкиот партнер е Асоцијацијата за промовирање на инклузијата (АПИ) - Србија, која заедно со организации од 7 земји, меѓу кои и РЦПЛИП – ПОРАКА, ќе го реализираат во период од една година.**

Целта на проектот е да се придонесе за целосна интеграција и граѓанско учество на лицата со попреченост, во согласност со европските вредности и начела. Специфичната цел е да се развие модел за сеопфатно зајакнување на лицата со попреченост, со особен фокус на лицата со интелектуална попреченост, за да можат да преземат активна улога во создавањето на инклузивно демократско општество и да влијаат на процесот на креирање на политики и донесување одлуки на национално и на европски ниво, а кои имаат влијание врз нивната добросостојба. Проектот црпи искуства и знаења од областа на инклузијата и граѓанското зајакнување на лицата со попреченост ширум земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство, со цел јакнење на демократското учество на сите граѓани вклучително и оние кои се на маргините на општеството. Поточно, проектот ќе отвори простор за разгледување на клучните услуги и алатки за изедначување на можностите за најмаргинализираните слоеви на општеството да учествуваат во процесите на креирањето на јавите политики, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата, на рамноправна основа со останатите граѓани. Всушност, проектот е фокусиран на организирање на едукативни работилници, дебати и дијалог за и меѓу лицата со попреченост во седум земји (Србија, Италија, Словенија, Хрватска, Црна Гора, Македонија и Босна и Херцеговина), вклучувајќи обезбедувачи на сервисни служби и здруженија на самозастапници т.е. лица со попреченост, во врска со прашања околу самозастапување, волонтирање, интеграција во вработувањето и социјалното претприемништво. Сите тематски области ќе бидат разработувани низ размена на примери на добра практика од сите земји учеснички, истражувајќи ги потребните предуслови и можни патишта за да се користат добрите практики од сите партнерски земји.

Иницијалната проектна активност, односно првиот координативен состанок на проектните партнери со кој официјално започна реализацијата на проектот



се реализираше во Трст, Италија во периодот 4 – 6 септември 2015 година. На состанокот, водечкиот партнер АПИ – Србија детално го презентираше проектот, неговите цели, активности и очекувани резултати, а сите проектни партнери учествува во договорањето за практична реалзиација на предвидените модули во рамките на проектот.

Самозастапувањето е важна алатка за артикулирање на интересот и мислењата на лицата оспособувајќи ги да говорат во свое име и е клучен предуслов за демократско учество на лицата со интелектуална попреченост. Тоа оди над нивото на секојдневните потреби и успешно се шири на самозастапување во сложениот процес како што е јавното креирање на политики.

Со цел лицата со интелектуална попреченост да станат еднакви странки во политичкиот дијалог потребна е обука и едукација и за обезбедувачите на сервисни служби и за корисниците, што ќе биде опфатено со проектот преку методологија за самозастапување. Првата сесија од едукативните работилници за самозастапување се одржа во периодот од 18 – 20 септември во Сисевац, Србија на која учествуваа по двајца претставници од сите организации кои се партнери во проектот меѓу кои и претставници од РЦПЛИП - ПОРАКА. На работилницата се опфатија и темите од човековите права, со посебен осврт на човековите права на лицата со попреченост, како и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Сепак, главниот акцент беше даден на самоопределувањето и самозастапувањето на лицата со попреченост, особено на лицата со интелектуална попреченост.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА на меѓународната вежба ИПА КАМПЕКС 2015

Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија и Управата за цивилна заштита и помош во случај на катастрофи на Република Словенија организираа и спроведоа меѓународна вежба ИПА КАМПЕКС 2015, која се одржа од 16-ти до 19-ти јуни 2015 година во Визбегово - Скопје, чија цел беше да се утврди подготвеноста и оперативната способност на Република Македонија во случај на елементарни непогоди.



На покана на организаторите, учество зема и Републичкиот центар за поддршка на лица интелектуална попреченост – ПОРАКА. Во рамките на вежбата учествуваа 10 корисници (лица со интелектуална попреченост) на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје и 2 едукатори, одговорни лица, кои беа дел од 250-те марканти т.е. евакуирани лица во вежбата.

Како што беше договорено, пристигнувањето во кампот, а потоа и заминувањето, беше со организиран превоз, по што следеше регистрацијата за учество, поделба на хигиенскиот пакет и сместувањето во кампот, со целосна поддршка од персоналот задолжен за тоа. На крајот од првиот ден на вежбата корисниците со организиран превоз беа вратени во Скопје.

Но, поради влошените временски услови во текот на вториот ден од вежбата, и по заеднички консултации со организаторите, за жал се донесе одлука корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје да не учествуваат во понатамошниот дел од вежбата.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Продолжуваат активностите за реновирање и адаптирање на трета просторија

Во текот на летниот период нагласено продолжија активностите за реновирање и адаптирање на третата дополнителна просторија на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје – Капиштец (која не беше реновирана од страна на Министерството за труд и социјална политика).

Активностите се реализираат во соработка и со поддршка од организацијата „Добредојде" – Macedonia Welcome Center. Имено, средствата кои беа собрани на петтиот Меѓународен добротворен базар 2015 (одржан на 6 јуни во Градскиот трговски центар во Скопје, под покровителство на Амбасадорот на Италија НЕ Масимо Белели и Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски) се користат за адаптирање и реновирање на третата просторија во новиот дневен центар за лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.

Дополнително, РЦПЛИП – ПОРАКА со поддршка од Град Скопје работи на поставување на нова електрична инсталација, спуштен плафон Армстронг и комплетна промена на кровот на дневниот центар.





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Во согласност со својата Програма за работа за 2015 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во периодот до 22-ри до 27-ми јуни и од 20-ти до 25-ти септември 2015 година ги организираше и реализираше спортско - рекреативните активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во 2015 година.**





Како резултат на позитивните ефекти од спроведувањето на спортско - рекреативните активности во изминатите години, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА и во 2015 година предвиде во својата програма за работа организирање и реализирање на две вакви манифестации.

Главната цел на овие активности е промоција на нова форма на вклучување на адолесцентите со интелектуална попреченост во општеството преку спорт и рекреација и придонес во развојот на вештините за самостојно живеење кај овие лица. Овие активности нудат можности за подобрување на психофизичката состојба на корисниците со интелектуална попреченост.

Првите спортско - рекреативни активности во 2015 година беа одржани во периодот од 22-ри до 27-ми јуни 2014 година, во Центарот за едукација и рекреација на кадри на Црвениот крст “Солферино” во Струга, а вторите беа одржани на истата локација во периодот од 20-ти до 25-ти септември 2015 година..

Во спортско - рекреативните активности беа вклучени лица со интелектуална попреченост - корисници на дневните центри кои ги менаџира РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје и Радовиш. Во спроведувањето на овие активности беа вклучени водичи на тимовите (персонал од дневните центри) и одговорни лица од РЦПЛИП – ПОРАКА.





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА





Спортско - рекреативните активности обезбедуваат голем број различни можности: развој на чувството и духот за натпреварување меѓу адолесцентите со интелектуална попреченост; искуство да се биде дел од спортска екипа, притоа чувствувајќи го единството во екипата; мотивација за натпреварување и победа, но истовремено и искусување и справување со пораз во спортските игри.

Од друга страна, овие активности претставуваат добра можност за персоналот од дневните центри да поминува 24 часа заедно со корисниците на дневните центри овозможувајќи им да го разберат ритамот на живеење и однесувањето на секое лице со интелектуална попреченост.

Понатаму, набљудувањето на корисниците во нова средина, без родителското влијание, им нуди на персоналот нови сознанија во однос на можните подобрувања во самостојноста и самодовербата меѓу корисниците и несебичната поддршка и пријателство меѓу нив самите, што не може да се увиди во текот на активностите во дневните центри. Уште повеќе, ваквите активности обезбедуваат можности за подобрување на вештините за одржување на личната хигиена, вештините за социјални интеракции итн.

Спортските активности беа поделени во следните дисциплини:

- Атлетика (натпревари во трчање и скок во далечина),
- Натпревари во мал фудбал,
- Натпревари во кошарка,
- Натпревари во тегнење јаже и пикадо.

Рекреативниот дел од програмата опфати разни друштвени игри, цртање, како и забави со музика и танцување во вечерните часови.Благодарение на добрите временски услови, во неколку наврати во попладневните часови корисниците имаа можност да се рекреираат на плажа.

Може да се заклучи дека целите на спортско-рекреативните активности беа во целост реализирани. Корисниците на дневните центри беа активно вклучени во спортско-рекреативните содржини, персоналот од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА имаше можност да увиди важни информации во однос на однесувањето на корисниците надвор од дневниот центар. Тоа ќе биде од огромно значење за нивната понатамошна работа во рамките на индивидуалната работа со корисниците и подобрувањето на вештините за самостојно живеење.





## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Европската унија го презентираше извештајот во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост

**За прв пат во историјата, ЕУ беше повикана од страна на тело при Обединетите нации за договор за човекови права да го презентира извештајот за имплементација на Конвенцијата, а доби препораки за зајакнување на својот пристап кон правата на лицата со попреченост во Европа.**

На 27 и 28 август 2015 година, Европската унија за прв пат беше повикана од страна на Комитетот на ОН за човекови права во Женева – експертски комитет за правата на лица со попреченост, да презентира што има сторено во имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Оваа Конвенција е прв меѓународен договор за човекови права кој ЕУ во целина го има ратификувано во 2010 година.

Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) беше присутна во Женева и организираше пропратен настан за улогата на сервисните служби во имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

### Европската унија може да го има клучот за успешна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост

Како дел од соработката со Обединетите нации, ЕАСПД присуствуваше на вториот дел од Конструктивниот дијалог помеѓу Европската унија и Обединетите нации кој се одржа во Женева на 27-28 август 2015 година. Дополнително, ЕАСПД организираше пропратен настан за улогата која ја имаат сервисните служби за поддршка во имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, како и активностите кои може да ги преземе Европската унија со цел понатамошно олеснување на нивната улога наспроти имплементацијата на Конвенцијата на ОН.

За време на пропратниот настан, **ЕАСПД ја повика Европската унија да**:

- донесе Втор работен план во однос на Европската стратегија за попреченост за периодот 2015-2020 година и да вклучи силна димензија за сервисните служби за поддршка во областите на вработување, образование и самостојно живеење.
- Го користи Европскиот семестар и препораките специфични за земјата за да ја имплементира Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и да промовира позитивни промени во обезбедувањето на сервисни служби.
- Да го ревидира составот на работната рамка на ЕУ за имплементација на Конвенцијата поставена според членот 33 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост бидејќи во моментот не претставува плуралистичко учество на различните граѓански асоцијации согласно со Париските Начела.

За време на настанот, Генералниот секретар на ЕАСПД, Лук Зелдерло нагласи дека „од суштинско значење е да се има димензија на социјална инвестиција наспроти мерките за фискална консолидација во сите ЕУ политики и рамки. Мерките за штедење кои се применија во секторот за попреченост имаа драматично влијание врз финансирањето на шемите за лична асистенција, развојот на системите за инклузивно образование и пристапност до отворениот пазар на трудот преку мерки за поддршка на лицата со попреченост”.

Сабрина Фераина, додаде дека „обновен работен план за втората фаза од имплементацијата на Европската стратегија за попреченост може да биде можност за адресирање на прашањата кои беа изоставени во претходниот план, како на пример неопходната улога која ја имаат сервисните служби за поддршка во овозможувањето на уживање на човековите права за лицата со поголеми потреби за поддршка”.

Доколку инклузијата на лицата со попреченост во општеството треба да се постигне, неопходно е Европската унија да постави пример и да воспостави инклузивни пристапи, да промовира дијалог и соработка со актерите во редовните текови и да ја вклучи Европската стратегија за попреченост во редовните текови на сите ЕУ закони и активности.

ЕДФ и неговите организации членки, исто така, беа присутни во Женева со цел да го следат конструктивниот дијалог помеѓу ОН и ЕУ. Следи нивното видување на целиот процес кој беше претставен пред Комитетот, како и за препораки кои ги доби ЕУ за имплементацијата во наредниот период.

### Препораките од Обединети нации во однос на човекови права дадени до ЕУ

Комитетот на ОН ги публикуваше завршните согледувања и препораки за тоа како ЕУ може да ги промовира и да ги заштитува правата на лицата со попреченост во Европа во следните области: слобода на движење, недискриминиацција, самостојно живеење, образование, вработување, хуманитарна поддршка и меѓународна соработка, деловна способност, пристап до правда, слобода и безбедност, здравје, учество во избори итн.

ЕДФ и членките ги поздравуваат препораките дадени до ЕУ. На многу начини овие препораки ги одразуваат приоритетите на движењето за попреченост. Ќе го забележиме овој ден како почеток на еден важен период. ЕУ доби силни препораки со кои правата на лицата треба да станат врвен приоритет.

**ШТО Е СЛЕДНО?**

Обединетите нации побараа ЕУ да овозможи повратни информации во рок од една година во три области:
- Напредок во сопствените независни механизми за мониторинг,
- Усвојување на долго очекуваниот Европски акт за пристапност,
- Преглед на Декларацијата на компетенции – тоа значи дека ЕУ треба да ја усогласи својата листа на области на политики на кои се однесува Конвенцијата.

На Европската унија и следи преглед по 4 години. Тогаш ќе треба да објасни кои чекори се преземени за имплементација на дадените препораки. Следниот извештај за напредок треба да биде поднесен до јануари 2019 година.

ЕДФ заедно со своите членки и партнери ќе продолжи активно да делува во промовирање на Конвенцијата во следните четири години врз основа на завршните согледување на ОН.

„Ова е историски момент за нас. Лицата со попреченост низ цела Европска унија тешко се погодени од штедењето, и се соочуваат со зголемена сиромаштија и маргинализација. Денес, експертскиот комитет на ОН тоа го увиде и овозможи моќен и сеопфатен збир на препораки до ЕУ. Тоа дава силен мандат на ЕУ, вклучително сите нејзини институции и агенции, во целост да ја опфатат инклузијата на лицата со попреченост во нивната работа. ЕУ беше светски лидер во обврзувањето како регионално тело кон оваа Конвенција. Исто така, може да биде лидер и во имплементација на Конвенцијата. Ние, како ЕДФ, ќе продолжиме да работиме напорно заедно со нашите членки и сојузници за да ги промовираме овие препораки, а со цел 80 милиони Европејци со попреченост да ги чувствуваат бенефитите од Конвенцијата директно врз нивниот живот", вели претседателот на ЕДФ, Јанис Вардакастанис.

**Првите согледувања на ЕДФ во однос на препораките од ОН до ЕУ**

Меѓу значајните акции кои ОН бара Европската унија да ги преземе во следните години се:
- Да усвои сеопфатна стратегија за имплементација на Конвенцијата низ сите институции на ЕУ и држави членки.
- Да се изготви среднорочен преглед на Европската стратегија за попреченост 2010-2020, и да се вклучат препораките на Комитетот на ОН во тој преглед.
- Да се разгледа постоечкото ЕУ законодавство и политики за да се обезбеди дека се во согласност со Конвенцијата.
- Да се прегледаат насоките за влијанието на процената за да се вклучат посеопфатна листа на прашања со цел да се направи подобра процена на усогласеноста на новите ЕУ инструменти со Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

## Активности на ЕАСПД

# Шест причини зошто сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост можат да и помогнат на Европската унија

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) ги поздравува финалните препораки од Обединетите нации до Европската унија во однос на понатамошните чекори за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. ЕАСПД ги споделува загриженостите на ОН поврзани со потребата од воспоставување на насоки со конкретни репери (бенчмарк) и показатели за пристап до Европската стратегија за попреченост, но предупредува од опасност од занемарување на сервисните служби за поддршка при критичните прашања како што се самостојното живеење, вработувањето или образованието.**

Обединетите нации, на почетокот од септември, ги издадоа своите финални препораки за Европската унија во однос на напредокот посигнат во обезбедувањето на усогласеност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост ги покажа своите загрижености поврзани со недостигот на сеопфатен пристап за попреченоста во законите на ЕУ; препорача да се направи целосна хармонизација со одредбите на Конвенцијата. ЕАСПД направи своја процена на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост истакнувајќи ги потребите во секторот од перспектива на сервисните служби за поддршка. Неколку препораки од ОН се во согласност со прашањата кои ЕАСПД веќе ги објави:

1. **Европска стратегија за попреченост**. ОН препорачува ЕУ да спроведе среднорочна процена на Европската стратегија за попреченост во соработка со клучните чинители и да се воспостават јасни насоки и конкретни репери. ЕАСПД смета дека е

неопходно да се вклучат сервисните служби за поддршка во процената и да се развие втор работен план за Европската стратегија за попреченост со посилна димензија за социјално инвестирање за да се овозможи обезбедување на сервисни служби со висок квалитет.

2. **Структурен дијалог**. ЕАСПД ја поддржува препораката да се постави реален структурен дијалог со независна буџетска стапка и да се повика ЕУ да вклучи претставници од секторот за сервисни служби за поддршка. Понатаму, ЕАСПД ја охрабрува ЕУ да го користи Европскиот семестар како алатка за забрзување на имплементацијата на Конвецнијата на национално ниво, истовремено со зголемување на учеството на граѓанските организации и социјалните партнери.
3. **Самостојно живеење и вклученост во заедницата**. ЕАСПД се согласува со потребата да се унапредува деинституционализацијата преку зајакнување на мониторингот на употребата на Европските структурни и инвестициски фондови и ѝ препорачува на ЕУ да објави посебна Комуникација за ова прашање и да обезбеди структурна поддршка за Европската експертска група за преод од институционална во грижа во местото на живеење.
4. **Образование**. ЕАСПД го поддржува вклучувањето на показатели специфични за попреченоста во Европската стратегија 2020 и дава препорака ЕУ да го зајакне мандатот на Европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование.
5. **Работа и вработување**. ОН препорачува обезбедување на обука за државите членки во однос на разумното прилагодување и пристапноста во контекст на вработувањето за да се зголеми стапката на лица со попреченост кои се вработени на отворениот пазар на трудот. ЕАСПД се согласува и го брани воспоставувањето на агенција за поддржано вработување за ЕУ институциите кои можат да овозможат насоки за државите членки.
6. **Мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост**. ОН исто така препорачува дека ЕУ треба да се тргне од независното тело кое ја следи имплементацијата на Конвенцијата – наречено „независна работна рамка за мониторинг" за да се усогласи со Париските Начела . ЕАСПД веќе неколку пати нагласува дека ваквата рамка за мониторинг во моментов не претставува плуралистичко учество на различни граѓански организации и поради тоа ја повикува ЕУ да го прошири нејзиниот состав.

Европската унија има четири години да презема мерки во согласност со овие препораки и истите ќе треба да ги поднесе во следниот извештај за напредок најдоцна до јануари 2019 година.

**Напис на Лук Зелдерло во магазинот на Европскиот парламент**

# Прегледот на ОН во полето на попреченоста треба да биде повик за будење за креаторите на политики во Европската унија



***Лук Зелдерло***
*Генерален секретар на ЕАСПД*

Лидерите на ЕУ треба да имплементираат посеопфатен пристап за попреченост во рамките на законодавната рамка на ЕУ, вели Лук Зелдерло, Генерален секретар на ЕАСПД.

Обединетите нации неодамна ги објавија своите финални препораки до ЕУ за понатамошна имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Заклучоците на ОН – по својата законска и политичка рамка за процена – се јасен повик за будење за ЕУ и нејзините држави членки.

Комитетот на ОН ги нагласи своите загрижености околу недостигот на меѓусекторски, сеопфатен пристап кон попреченоста во рамките на законската рамка, давајќи препорака дека ЕУ презема целосна хармонизација со одредбите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Исто така се препорача и среднорочна процена на Европската стратегија за попреченост (ЕДС). Тоа е особено потребно и мора да се направи во соработка со сите чинители. Усвоена во 2010 година ЕДС е главната рамка на ЕУ за политика која овозможува насоки за државите членки во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, но во суштина не ја признава во целост улогата на сервисните служби за поддршка, кои исто така треба да бидат вклучени во идната евалуација и понатамошниот развој на конкретните репери и статистики.

Сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост во моментот вработуваат осум милиони лица во Европа, а многу од нив претставуваат лост за промена во секторот кон пристап заснован на човекови права. Сепак, ова и одржливоста на сервиси со висок квалитет е под закана поради мерките за штедење и буџетските кратења на национално ниво.

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост ја увидува потребата од промоција, заштита и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и слободи од сите лица со попреченост, вклучително и оние кои имаат потреба од поинтензивна поддршка, во сите аспекти од животот – политички, економски, социјален, културен и граѓански – на еднаква основа со другите. Тоа не е само за лицата

со попреченост, туку и за вклученоста на општеството во кое сакаме да живееме. Тоа бара еден неопходен момент: вклучување на општеството во целина.

Неколку од препораките дадени од ОН прецизно укажуваат на овие аспекти на живеење каде вклучувањето на општеството е задолжително, како на пример правото на самостојно живеење, правото на работа и правото на образование. За сите три, ЕУ треба да промовира обука меѓу професионалците и персоналот во однос на вистинското значење на конвенцијата, додека се следи употребата на структурните и инвестициските фондови кои се наменети за обезбедување на усогласеност со Конвенцијата кога се користат за развивање на сервиси за поддршка.

Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) застапува над 11,000 организации кои се обезбедувачи на сервисни служби низ цела Европа. Во моментот ја зајакнуваме нашата крос-секторска соработка, следејќи го оставурањето на нашата стратегија за „постигнување" во 2014 година.

Досега организиравме две крос-секторски годишни конференции на темите за домување и вработување и една за инклузивно образование која е во тек.

Согласно процените на УНЕСКО, 98 проценти од децата со попреченост во земјите во развој не посетуваат училиште. Најновите бројки на Еуростат покажуваат дека во ЕУ, само едно лице со попреченост од 10 на возраст помеѓу 15 и 64 години учествувало во било каква форма на образование и обука. Овие бројки покажуваат дека се уште е долг патот за решавање на исклучувањето на лицата со попреченост. Справувањето со овие бариери треба да се постигне со соработка на сите вклучени чинители.

Неколку организации кои ги поддржуваат лицата со попреченост веќе развиле инклузивни програми во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и ќе ги претставаат за време нашата претстојна годишна конференција со наслов „Инклузивни наставни програми: заедно да ги развиеме". Овие случаи треба да служат како инспиративни модели за властите и донесувачите на одлуки од сите нивоа на управување. Европската унија, а и ние во општеството, имаме четири години да се преземат мерки во согласност со препораките на ОН пред следната процена во 2019 година. Мора заеднички да делуваме.

## Активности на Обединетите нации

# Начини за придвижување нанапред на Пост-2015 развојната агенда која ја вклучува и попреченоста

## Клучни пораки поврзани со попреченост кои произлегуваат од Извештајот за милениумските развојни цели за 2015 година

Генералниот секретар на Обединетите нации го претстави Извештајот за Милениумските развојни цели (МГД) за 2015 година на 6 јули 2015 година. Во извештајот се опфатени значајни пораки за преку една милијарда лица кои живеат со попреченост низ целиот свет. Бидејќи од државите членки се очекува да го дефинираат следниот збир на развојни цели – Одржливи развојни цели (СДГ) - овие пораки придонесуваат да се потенцираат празнините што мора да се разрешат во тековниот глобален обид да се унапреди инклузивниот, правичниот и одржлив развој, без да се остави некој позади, во следните 15 години. Извештајот за МГД за 2015 истакнува како високо-квалитетните податоци расчленети по попреченост се клучни за следење на напредокот и донесувањето одлуки.

Ситуацијата во однос на Цел 2 (Постигнување на универзално основно образование) нуди значајна лекција: студии во земјите покажуваат дека децата со попреченост се почесто надвор од училишниот процес отколку нивните врсници без попреченост. За да се постигне универзално основно образование, интервенциите ќе треба да се скроени за да се опфатат и оние на дното од економските и социјалните скалила и да се исполнат специфичните потреби на децата – вклучувајќи ги и децата со попреченост.

Во многи земји постојат добри практики со кои се опфаќа овој предизвик, на пример во Индија, но дури и таму повеќе од една третина од децата и адолесцентите на возраст од 6 до 13 години кои имаат попреченост се надвор од училиштата. Сепак, земјата прави значајни напори за да го направи образованието поинклузивно, како на пример преку Актот за право на образование и распределба на средства за училишната инфраструктура и обука за наставниците. И покрај огромниот напредок во изминатите 15 години, постигнувањето на универзално основно образование ќе бара повторно внимание во пост-2015 ерата и инвестирање во квалитетот на образованието, како и во обезбедување на одржлив извор на финансирање што исто така е потребно.

Со оглед дека Милениумските развојни цели ќе завршат до крајот на 2015 година, меѓународната заедница, владите, граѓанското општество и другите партнери активно работат во Обединетите нации за да се продолжи со амбициозната пост-2015 развојна агенда. Новата пост-2015 развојна агенда, вклучувајќи го и збирот од Одржливи развојни цели, се стреми да ги одрази научените лекции од МГД, да се надгради на нивниот успех и да делува кон просперитетен, одржлив и правичен свет. Давајќи должно внимание на темите од попреченоста и потребите, ангажирањето на лицата со попреченост во пост-2015 одржливите развојни цели ќе биде потребно за да не се остави некој позади.

Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија

# Европската унија треба да биде сериозна во врска со почитувањето на правата на лицата со попреченост, предупредуваат Обединетите нации

Не е доволно добро. Овие неколку збора го сумираат учинокот на Европската унија во почитувањето на правата на лицата со попреченост, како што беше јасно ставено до знаење од страна на Обединетите нации при разгледувањето на Извештајот за имплементацијата. Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост ги прегледа мерките кои ги презела Европската унија за да осигура дека правата на лицата со попреченост се разгледувани во сите политики и релевантни законски предлози, и со загриженост констатира дека во многу области, ЕУ системски не успеала.

Лицата со попреченост против својата волја се држат во институции, врз основа на реални или перцепирани оштетувања, нагласи Комитетот, а и принудниот третман, вклучувајќи присилна стерилизација и абортус не се нешта од минатото во Европската унија. Лицата со попреченост се дискриминирани во судските постапки, а многу студенти со попреченост се лишени од пристап до квалитетни инклузивно образование.

Овие завршни согледувања го бележат крајот на едногодишниот процес на разгледувањето на постигнатиот напредок на ЕУ во имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. На секој чекот, Европската Инклузија постојано ги истакнуваше проблематичните области, без разлика дали се поврзани со неможноста на лицата со интелектуална попреченост да гласаат на ЕУ изборите, со лишувањето од деловната способност, или пак дека жените со попреченост несразмерно трпат домашно насилство или се присилно стерилизирани во институциите.



Ова се и прашања кои Обединетите нации со право ги нагласија, во документ кој најверојатно ќе поттикне на значајни промени во пристапот кон попреченоста на Европската унија. Обединетите нации јасно дадоа до знаење дека треба итно да се преземат силни мерки и дека очекуваат конкретни резултати од нив. Во областа на деловната способност, на пример, Европската унија требаше да обезбеди сите лица со попреченост кои се под старателство да можат да ги практикуваат сите права пропишани во договорите на Европската унија, вклучително и пристапот до правда, до добра и сервисни служби, но и до здравствена грижа, како и до гласање и до правата на потрошувачите. Комитетот, исто така, побара од ЕУ да ги интензивира напорите во истражувањата, собирањето податоци и размена на добри практики за поддржано донесување одлуки, во консултација со организациите на лица со попреченост. Во областа на образованието, Европската унија мора да преземе мерки за олеснување на пристапот до, и уживање, на квалитетно инклузивно школување за сите студенти со попреченост, и да вклучи показатели специфични за попреченоста во Европската стратегија 2020 при постигнувањето на целите за образование. ЕУ во брзо време ќе го усвои Европскиот акт за пристапност, но не без обезбедување на учество на лицата со попреченост, преку нивните организации, во разгледувањето на нацрт законот, пред усвојувањето на финалниот текст.

Европската Инклузија во целост ги поддржува завршните согледувања на ОН, и го поздравува јасниот фокус и силниот јазик на поставените барања. Но тие не треба да запрат тука. За следниот период на разгледување, важно е Европската комисија да обезбеди поединечни податоци за влијанието на законодавството за деловна способност на пристапот на граѓаните на ЕУ до нивните права на европско ниво, како и веродостојни статистички информации за тоа колку европски граѓани биле исклучени од европските избори во различни држави членки и од кои причини.

Кога станува збор за попреченост, европските институции ги очекува уште многу работа. Се надеваме дека завршните согледувања ќе понудат уште едно будење, отрезнувачко сознание дека Европската унија не е рај за човековите права како што честопати се опишува. Топката е сега во нивниот двор, а милиони лица со попреченост гледаат и чекаат.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп

На почетокот на месец септември членовите на социјалниот клуб на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Прилеп имаа средба со претставници на џудо клубот „Бушидо” и одржаа еден час кога тие беа запознаени со вештините на оваа боречка вештина.

Увидувајќи ја полезноста од оваа вештина, ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп воспостави редовна соработка со клубот „Бушидо” што истовремено ќе придонесува за подобрување на кондицијата кај членовите и стимулирање на психомоторната координација.



# Керамичка работилница за корисниците на дневниот центар за лица со попречност во Виница

Арт терапијата во работата со децата со интелектуална попреченост не е новитет за дневниот центар во Виница. Покрај секојдневните креативни активности, корисниците на дневниот центар веќе втора година се вклучени во керамичките работилници кои ги организира Музејот „Теракота” во соработка со Здружението на уметници „УМ” и ученици од ООУ „Гоце Делчев” како дел од проектот кој е поддржан од Министерството за култура и од Општина Виница.

Годинава работилниците се реализираа во месец јули, а убавото и топло време се искористи и за посета на Градскиот базен во Виница предвидена во рамките на проектот.

- Нашата основна цел беше да ја зближиме оваа категорија на деца и да ја разбиеме бариерата која постои меѓу обичните граѓани и тие деца, како и да ја поттикнеме довербата кај овие деца дека можат да дадат многу повеќе. Овој проект на Музејот “Теракота” ќе трае 5 дена, а покрај работилници, ќе има и едукативни предавања, посета на локалитети, како и посета на керамичарска работилница во Злетово. Поголем степен на самоспознавање, креативност, сигурност, како и задоволство од изработениот продукт



е крајниот ефект кој треба да се постигне со реализацијата на оваа активност со овие долгогодишни членови во Дневниот Центар во Виница, вели координаторот на проектот, Благица Стојанова.

Изработките од керамичката работилница планирано е да бидат поставени на изложба по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Струмица започна со реализација на проектот „Заедно да ја пренесеме пораката на лицата со интелектуална попреченост", кој е финансиски поддржан од општина Струмица, а ќе се спроведува во партнерство со Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА и Здружението за млади „АДОЛУС" од Струмица.

Главната цел на проектот е интеграција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост во пошироката општествена средина, согласно индивидуалните можности и способности на овие лица, а особено преку нивно поврзување со младите кои немаат пречки во менталниот развој. Преку проектните активности, членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица заедно со ученици од основните и средните училишта, како и млади – членови на младински организации, ќе остваруваат заеднички активности и ќе работат на приближување на овие лица до секојдневните социјални, забавни и културни активности на младите, како и запознавање со образовните институции во општината, а со цел полесно запознавање со истите преку менторирање од страна на младите.

Во досегашната реализација на проектот спроведени се неколку работилници. Една од нив е работилницата под наслов „Заедно креираме!" која се одржа на 20.08.2015 год. На оваа работилница, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, заедно со





младинците од Младинскиот клуб при Црвен крст Струмица, изработуваа заеднички цртежи, колажи, бојадисуваа глинени фигури и други ракотворби. Преку остварувањето на вакви заеднички активности се работи на приближување на лицата со интелектуална попреченост до секојдневните социјални, забавни и културни активности на младите.

Во знак на благодарност за успешната соработка, младинците од Црвен крст Струмица не поканија да бидеме дел од публиката во емисијата „Младите се на потег", организирана од Младинскиот Клуб на Општинската организација на Црвен крст – Струмица. На 25.08.2015 година, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица беа дел од публиката, а по завршувањето на емисијата следуваше дружење со сите во студиото. Во емисијата гостин беше младата македонска музичка ѕвезда Боби Мојсовски, а учествуваа и младинци од Црвен крст, кои зедоа дел во игрите кои ги подготвија уредниците на емисијата. Нашите членови, по завршување на емисијата, се дружеа со Боби Мојсовски и младинците од Црвен Крст.

Втората работилница во рамките на проектот се спроведе во ООУ „Видое Подгорец" Струмица на 29.09.2015 година од 16.00 до 17.30 часот. На оваа работилница, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, заедно со ученици од ООУ „Видое Подгорец" Струмица, изработуваа заеднички цртежи, колажи, бојадисуваа саксии за цвеќе, вазни и други ракотворби.

# Посета на Катланово

Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Скопје во летниот период веќе години наназад ја посетуваат месноста Катланово во близина на Скопје. Крајната дестинација на традиционалната прошетка е посета на куќата на Билјана Костова, корисник на денвниот центар - ПОРАКА Скопје, која во летните месеци престојува во Катланово.

Долгите прошетки на чистиот воздух се една од главните причини за реализација на оваа активност. Се надеваме дека ваквите активности ќе ги продолжиме и на други локации во и околу Скопје.



# Наша Страница

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

Благодарение на соработката и поддршката од г-дин Смилковски - директор на „Исхрана” - Бучим, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш имаа можност да реализираат посета на манастирите во близина на Пробиштип.





Лесновскиот манастир ги воодушеви корисниците со неговата градба, прекрасната околина и надворешно уредување, дрвјата кои се постари од 500 години и многубројните конаци кои се дом на повеќе браќа монаси. Посебна чест на корисниците им приредија свештените лица, причестувајќи ги со молитва и подарувајќи им на сите по една икона од мајка Богородица, ланчиња и привезоци со знакот на Лесновскиот манастир. Потоа го посетивме и женскиот манастир „Св. Спиридон Чудотворец” кој по зборовите на монахињата која не пречека е заштитник на сите занаетчии. Во овој манастир за големите верски празници доаѓаат највисоките свештени лица од Македонската православна црква, а во него живеат неколку сестри монахињи кои се занимаваат со земјоделие.





По разгледувањето на овој манастир се упативме во зоолошката градина во Штип. За корисниците најинтересни беаноевите и срните и живеалиштата на останатите домашни животни кои им се добро познати.

Задоволни од прекрасната прошетка, упатуваме голема благодарност до г-дин Смилковски што ни ја овозможи оваа посета.

ISSN 0350-5863